Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 207/0306
04.05 2021 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28 април 2021 година, врз основа на примена жалба од Петрит Сарачини, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Интернет – порталот „Република.мк“ со текстот насловен „Додека чекаме Владата да ги објави „58-те тајни хонорарци“, да се потсетиме кој беше едниот“ не ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 12 април 2021 година, Петрит Сарачини поднесе жалба за текстот со наслов „Додека чекаме Владата да ги објави „58-те тајни хонорарци“, да се потсетиме кој беше едниот“, објавен на 12 април 2021 година, на интернет – порталот „Република.мк“ (www.republika.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето и мешање на факти и мислење, вест и коментар, односно дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 13.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Република.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби едногласно утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

Комисијата не најде доволно елементи дека оспорениот текст содржи неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето и мешање на факти и мислење, вест и коментар, ниту прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија во членовите 1 и 13, на кои упатува жалителот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 28 април 2021 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека текстот е од јавен интерес, зашто прашањата за користењето на јавните средства, во случајов, на буџетски хонорари исплаќани од Владата, се легитимна новинарска цел и не смеат да бидат изземени од теми за кои јавноста има право да биде информирана. Дополнително, утврдено е дека интернет порталот „Република“, се повикува на објавен текст на интернет порталот „Експрес.мк“, за што има наведено извор, на крајот на текстот. Комисијата се согласи дека текстот на „Република“ не отстапува од рамките на професионалното и етичко известување.

Се работи за содржина поврзана со таканаречениот случај „тајни хонорарци во Владата", кој побуди голем интерес и внимание во јавноста и медиумите, а за кој се заинтересира и Државната комисија за спречување на корупцијата.

Предмет на новинарска опсервација е јавна личност, односно новинарот, експерт за медиуми, активист и музичар, Петрит Сарачини, како дел од листата хонорарци, ангажирани во Владата преку авторски договори. Авторот на содржината изнесува податоци кои се однесуваат на претходните и актуелните ангажмани на Сарачини во јавни институции, вклучително и дека е дел од предметната листа хонорарци во Владата, информација што неодамна ја потврдил и самиот Сарачини. Комисијата оцени дека изнесените наводи во текстот, во голем дел, се веќе познати и апсолвирани информации, кои не можат да се окарактеризираат како невистинити, а дилемите и прашањата кои ги поставува медиумот, колку и да се провокативни, се издржани и новинарски оправдани. Став на Комисијата е дека текстот е обработен на начин што авторот можел, но немал обврска да побара „втора страна".

Најпосле, се работи за јавна личност, која за разлика од приватните лица подлежи на посилен јавен надзор и потенцијално пошироки граници на прифатлива критика и, поради тоа, јавните личности треба да покажат поголем степен на толеранција.

Во однос на останатите наводи на жалителот, Комисијата не најде доволно елементи за да утврди и постоење на пристрасност и неурамнотеженост во информирањето и мешање на факти и мислење, вест и коментар.

Комисијата се согласи дека слободата на говор е неприкосновена, а критичкото следење на јавните личности е меѓу главните задачи на новинарите, ако тоа е во согласност со новинарските начела и не ги надминува границите на слобода на изразување.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

**Се обврзува интернет – порталот „Република.мк" (www.republika.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595